РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1887/1 од 09.07.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи против ---------------- , СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1887/1 од 09.07.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта, на ден 09.07.2024 година, поднесена е пријава со наводи против ------------- и оформен е предмет број 12-1887/1 од 09.07.2024 година.

Подносителот наведува дека после два и пол месеци од одржувањето на Парламентарните и Претседателските избори - 2024 година, ------------ сеуште им го нема исплатено предвидениот надоместок на претставниците на --------- ниту пак биле рефундирани трошоците за -------- на оние претставници на --------- кои со сопствени возила го превезувале -------------- од општинските ---------- до -------- и обратно.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до -----------.

Од страна на ----------, беа доставени бараните информации и од увидот во прибавената документација ДКСК го констатира следното:

Постапувајќи согласно Член 31 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/2024 и 76/2024), Државната изборна комисија плаќањето на избирачките одбори го извршува согласно Правилникот за утврдување на критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на Претседателските избори 2024 и Парламентарните избори 2024 година бр. 08-1490/1 од 22.04.2024 година.

Утврдено е дека постапката за исплата на надоместокот на ---------- како и постапката за рефундирање на трошоци кои биле извршени за време на ----------, е во тек. Динамиката за исплата на надоместоците зависи од ажурноста и точноста на податоците за ----------, внесени од страна на Општинските -------------, за што е укажано дека истите содржат технички грешки во личните податоци и дека се вршат дополнителни проверки и корекции на истите со цел да бидат прифатени во системот за трезор за исплата во Министерството за финансии.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата